# ЈАВЕН ПОВИК

## за млади истражувачи од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес и заштита на животната средина

Согласно Г2 програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година точка 1. 5- Фонд за иновации, како и донесената Одлука за донесување правилник за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид од фонд за иновации бр. 08-2982/8 од 15.03.2022 година, Општина Охрид објавува Јавен повик.

Општина Охрид со цел да ги поддржи и поттикне младите иновативни истражувачи го објавува Јавниот повик за учество на ученици од средно образование кои живеат и учат на територијата на општина Охрид, за проекти од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес и заштита на животната средина.

**ПОДОБНОСТ:**

Право на учество на Јавниот повик има секој ученик-ученици (не повеќе од двајца) под менторство од предметен професор  од средно образование, жители на општина Охрид, редовни ученици во едно од општинските средни училишта ( I, II, III, IV година).

**КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ И РАНГИРАЊЕ:**

а)Препознавање на проблемот од областа на екологијата;

б)Откривање на причините на проблемот;

в)Прибирање и опсежна анализа на податоци и параметри кои ги генерира проблемот;

г)Посочување на дејствија од поединци и правни лица, кои ги зголемуваат штетните влијанија од конкретниот проблем;

д) Наведување на поединци, и здруженија кои може и треба да се ангажираат за намалување на штетните последици;

ѓ)Можни решенија за намалување или целосно елиминирање на проблемот;

е)Изработка на студија за буџет, одржливост и развојна стратегија за решенијата.

**НАГРАДЕН ФОНД :**

Максималниот фонд предвиден за наградување на најиновативните проекти е 200.000 мкд. каде подеднакво се наградуваат и учениците и предметниот ментор, согласно претходно усвоен Правилник.

Општина Охрид го задржува правото да не ги додели расположливите средства доколку предлог проектите не ги исполнуваат зададените критериуми, но и да додели повеќе од една награда за иста категорија. Исплатата на доделените награди ќе биде во бруто износ.

**ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК НАМААТ:**

- Вработени во општина Охрид и нивното потесно семејство (лица кои се во брачна заедница со вработеното лице во општина Охрид и нивните деца).
- Членовите од Комисијата формирана од Градоначалникот која работи на овој Правилник.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА :**

Јавниот повик ќе трае 60 дена. Информацијата околу пријавувањето, потребната документација, самата пријава како и Правилникот за учество се достапни на општинската веб страница www.ohrid.gov.mk .

Учениците кои се пријавуваат на овој повик, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид во дадениот рок определен во Јавниот повик.

Заедно со пополнетата пријава и проектот да се достави и :

-Извод на родени на ученикот (копија);

- Копија од трансакциска сметка на ученикот-учениците (доколку имаат сопствена) или на еден од родителите;

- Копија од трансакциска сметка од менторот;

- Потврда дека е редовен ученик-ученици за учебната 2021/2022 година (оригинал);

-Изјава потпишана од родител-старател за обработка на личните податоци на ученикот-кандидат која вклучува и изјава за необјавуваност и автентичност (формата на Изјавата е исто така достапна на општинската веб страница www.ohrid.gov.mk.

-Изјава потпишана од предметниот професор-ментор за обработка на личните податоци на ученикот-кандидат која вклучува и изјава за необјавуваност и автентичност (формата на Изјавата е исто така достапна на општинската веб страница www.ohrid.gov.mk.

Комплетната документација треба да се испрати во горенаведениот рок на следната адреса: „Димитар Влахов" 57, 6000 Охрид во затворено плико назначено за **Јавниот повик за млади истражувачи од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес и заштита на животната средина.**

**ПОДНЕСУВАЊЕ АПЛИКАЦИИ:**

Пополнетата Пријава (и целокупната горенаведена документација) треба да се поднесе во **три (3)** печатени копии и една електронска верзија (на USB), во запечатен плик со назанака **за Јавниот повик за млади истражувачи од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес и заштита на животната средина,** по препорачана пошта или лично, во работни денови (понеделник-петок), од 09:00 до 15:00 часот на следната адреса:

Општина Охрид

„Димитар Влахов", 57

Поштенски број: 6000,Охрид

Апликациите кои ќе бидат поднесени по овој краен рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенската марка стои датум и време на испраќање пред официјалниот краен рок. На надворешната страна на пликот мора да стои името на повикот, целосното име и адреса на подносителот, целосниот назив на проектот и назнаката „Да не се отвора пред официјалното отворање". Општинскиот службеник ќе издаде потврда за прием на поднесените документи. Резултатите за наградените ученици ќе бидат објавени на општинската веб страница (www.ohrid.gov.mk).

Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk

Јавниот повик трае **60** дена од денот на објавување.